Број на Службен весник: 196/2014
Датум на објавување: 26.12.2014

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014 и 132/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.12.2014 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

## I. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2015 година со терапија и лекови кои досега се применувани во лекување на некој од ретките болести се очекува дека за 2015 година ќе бидат потребни средства во вкупен износ од 90.000.000,00 денари:

| **Реден број** | **Активности** | **Вкупен износ** |
|---|---|---|
| 1. | 1. Лекување на пациенти со ретки болести без разлика на статусот на осигурување. | 90.000.000,00 |
| | ВКУПНО: | 90.000.000,00 |

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 90.000.000,00 денари кои се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2015 година.

## ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Лековите за терапија на лицата заболени од ретки болести ќе ги набавува Министерството за здравство врз основа на јавна објава, а дистрибуирањето до јавните здравствени установи извршители на активностите, врз основа на доставена потреба за спроведување на терапијата, ќе ги обезбедуваат добавувачите кои ќе бидат избрани како најповолни на јавниот повик, јавните здравствените установи, извршители на лекувањето задолжително ќе водат евиденција за пациентите и дадената терапија.

## СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Министерството за здравство го следи спроведувањето на оваа програма и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Јавните здравствените установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 31.01.2016 година да достават до Министерството за здравство годишни извештаи за реализираните мерки и активности во 2015 година, предвидени со оваа програма.

II.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 42-10043/1 | Претседател на Владата |
| 21 декември 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |